# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „БУГАРСКА КНИЖЕВНОСТ XIX ВЕК“ ОД ПРОФ. Д-Р ЛУСИ КАРАНИКОЛОВА-ЧОЧОРОВСКА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како и Одлуката бр. 1902-85/5 од 169. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 21.3.2018 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Виолета Димова, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип,
– проф. д-р Блажо Китанов, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис со наслов **„Бугарски книжевност XIX век“ од проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска**, наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошки факултет на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошки факултет во Штип го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот од проф. **д-р Луси Караниколова-Чочоровска** понуден како учебник со наслов **„Бугарска книжевност XIX век“** за објавување во електронска форма на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип се однесува на предметот Бугарска книжевност, со седмичен фонд на часови 2+1+1 за студентите од четврта година на Катедрата по македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Учебникот „Бугарска книжевност XIX век“ е работен во согласност со Предметната програма за предметот Бугарска книжевност, што се слуша во осмиот семестар. Авторката на почетокот од учебникот ја нуди предметната програма, според која и е изработена содржината на овој труд. Од вака понудената Предметна програма и од содржината на ракописот очигледно е дека авторката се придржувала стриктно до наставната програма предвидена за предметот Бугарска книжевност.

Учебникот брои вкупно 206 страници текст, А4 формат и содржи вкупно 15 поглавја и го изучува бугарскиот литературен 19 век и делумно првата половина од 20 век. Тоа поточно значи дека во овој учебник (и во овој предмет) се изучува т.н. нова и современа бугарска книжевност, заклучно со Елисавета Багарјана.

Учебникот „Бугарска книжевност XIX век“ е работен амбициозно, што може да се види од бројот на заглавјата – вкупно 15. Авторката мошне амбициозно и, како што и самата тврди во Предговорот, сепак, остварливо и проверено во наставната практика се обидува да го покрие целиот литературен 19 век и оние претставници на бугарската книжевност од 20 век што му припаѓаат на симболизмот.

***Во учебникот се изучуваат следните наставни содржини:***

Најнапред, студентите се воведуваат во *новата бугарска литература или литература со национален предзнак* (што е одлика не само на јужнословенските, ами и на европските книжевности од крајот на 18 и почетокот на 19 век) преку запознавање со периодот на т.н. претпросветителство. Имено, овој период е типичен само за бугарската книжевност, а не и за другите јужнословенски книжевности, кои вообичаено својата национална литература и култура ја почнуваат со просветителството. Имено, претпросветителството во бугарската книжевност претставува своевиден премостувачки период меѓу средновековната литература

и онаа од епохата на просветителството. Бугарите имаат еден единствен претставник на претпросветителството – Паисиј Хилендарски, авторот на познатата и своевремено мошне популарна „Историја словенобугарска“.

Неговото значење во контекстот на бугарската литература од 19 век се сведува на подигање на националната свест преку изучувањето, односно познавањето и читањето на сопствената историја.

Негов следбеник и прв претставник на просветителството е Софрониј Врачански. Тој бил вистински просветител, кој се залагал за издигнување на културната и националната свест преку образование, преку просвета на народен јазик. Софрониј Врачански е автор на првата печатена книга во историјата на бугарската литература, „Неделник“ или „Кириакодромион“, преведена од грчки на бугарски јазик. Софрониј Врачански е автор и на првиот оригинален труд во бугарската литература, неговата автобиографија или „Живот и страдание на грешниот Софрониј“. Тој бил и првиот народен учител кој подучувал и проповедал православно христијанство на народен јазик.

Георги Сава Раковски е првиот претставник на романтизмот во бугарската литература, иако романтизмот во неговото творештво не може да се рече дека наликува на оној од европски формат. Раковски бил повеќе општественик и револуционер отколку поет, повеќе фолклорист отколку романтичар во вистинска поетска смисла на зборот. Тој е автор на првата поема во бугарската книжевност, „Горски патник“, која речиси и да нема литерарно туку само историско-книжевно значење. Неговата заслуга е голема на планот на собирањето фолклорни и етнографски материјали што ги издава во Русија под насловот „Показалец“. Ова негово дело се смета за најголем првичен влог во процесот на развојот на бугарската фолклористика.

Петко Рачев Славејков е првиот автор во историјата на бугарската книжевност чие поетско творештво мошне многу се потпира на фолклорната традиција и во кое можат да се забележат сериозни елементи на естетизам. Тој се изучува со анализа на позната негова поема „Изворот на белоногата“.

Христо Ботев пак е првиот поет од висок формат во историјата на бугарската литература, вистински претставник на романтизмот и еден од најголемите и најзначајни поети во контекстот на целата бугарска литература. Автор е на 19 песни напишани во период од само седум години во неговиот краток живот од само 28 години, но тој е еден од најинспиративните и најинтересните поети на бугарскиот литературен 19 век, чие поетско творештво секогаш одново и одново возбудува.

Следува изучувањето на периодот на т.н. протореализам со неговите најзначајни претставници: Васил Друмев, Илија Рашков Б'лсков и Добри Војников.

Васил Друмев, високо црковно лице и автор на повести, се изучува со анализа на повеста „Несреќна фамилија“. Севкупната негова работа и како свештеник и како писател и општественик се состои во неговиот обид да се претстави тешкиот живот на бугарскиот народ од средината на 19 век, под османлиско владеење и зачувување на бугарските национални и народносни вредности.

Скромниот Илија Рашков Б'лсков се изучува со неговите повести „Изгубената Станка“ и „Несреќната Кристинка“.

Добри Војников, пак, е основоположникот на бугарската драма и театар и тој се изучува со мошне значајната негова драма „Криворазбрана цивилизација“.

Почетоците на реализмот во бугарската литература се обележани со културната, општествената и творечката дејност на Љубен Каравелов, една од најинтересните појави во историјата на бугарската книжевност на 19 век, писател и општествен деец кој има силно влијание врз повеќемина бугарски поети и писатели од тоа време (вклучително и Христо Ботев), човекот кој ќе повлијае реализмот да ги удри темилите и во српската литература. Каравелов се изучува со неговата повест „Мамино детенце“.

Еден од најплодните бугарски поети и писатели, претставник на реализмот и своевиден зачетник на модерната, мошне плодниот Иван Вазов, омилениот писател на многу бугарски генерации, се изучува со анализа на романот „Под игото“, преведен и на македонски јазик.

Најпосле, во преглед се изучуваат и претставниците на бугарскиот симболизам, поетите од крајот на 19 и почетокот на 20 век, Пејо Јаворов, Теодор Трајанов, младиот Димче Дебелјанов.

Во овој преглед на бугарската книжевност од 19 век вклучени се и поетесите Дора Габе и Елисавета Багарјана и двете мошне плодни и исто толку и значајни и влијателни во севкупниот бугарски културен живот, особено оној од првата половина на 20 век.

Во таа смисла потенцирана е заслугата на Дора Габе како омилена писателка за деца, како и улогата на долговечната Елисавета Багарјана (1893 – 1991), првата жена што во историјата на бугарската литература отворено ќе прозборува за женските теми и дилеми и во чијашто поезија ќе биде застапен одразот на повеќе поетски епохи од првата половина на 20 век: интимизмот, интелектуализмот, космополитизмот.

Нејзината и поезијата на Дора Габе се одликуваат со високи естетски квалитети и знаат силно да го допрат и современиот читател и проучувач.

Според авторката, допуштено е вметнувањето на последните пет поети во овој преглед на бугарската книжевност, од едноставна причина што тие или ја почнале својата поетска дејност во 19 век или пак се само родени тогаш, но нивното творештво претставува логично продолжување на дејноста на бугарските писатели од многузначајниот 19 век.

На крајот од учебникот е даден список на користена литература и кратки биографски податоци за авторката.

## З А К Л У Ч О К

Ракописот на проф. д-р Луси Караниколова-Чочорвска со наслов „Бугарска книжевност XIX век“, што е понуден за објавување како универзитетски учебник, претставува сериозно изработен труд, методски и методолошки, во кој на еден системски и хронолошки начин се понудени историско-книжевните и естетско-литерарните аспекти на најрепрезентативните автори на новата и современата бугарска литература.

Содржините на ракописот се концизни, јасни и применливи во наставата, во нив е застапен неопходниот материјал за совладување на бугарската книжевност, така што по таков начин и студентите се поттикнуваат на дополнителна литература и потемелно совладување на оваа јужнословенска книжевност.

Учебникот „Бугарска книжевност XIX век“ во голема мера ќе им помогне на студентите за совладување на содржините по предметот Бугарска книжевност.

Врз основа на наведените и образложени факти за содржината на универзитетскиот учебник со наслов „Бугарска книжевност XIX век“ Рецензентската комисија заклучува дека овој труд на проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска во целост ги исполнува критериумите за објавување на универзитетски учебници и наставни помагала предвидени со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Поради тоа, како членови на Рецензентската комисија, со задоволство им предлагаме на членовите на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип да го прифатат овој труд за објавување во е-библиотеката на веб-страницатана Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип како учебник по предметот Бугарска книжевност.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Виолета Димова, редовен професор, с.р.**
**Д-р Блажо Китанов, редовен професор, с.р.**